АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

Примено / Pranuar: 25. 02. 2021

| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 706 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:**

2.1. Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“;

2.2. Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на „Битолски весник“;

2.3. Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „М Магазин/Авто плус“;

2.4. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Јени Балкан“ и „Бахче“;

2.5 Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Добра храна“;

2.6. Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на „Шеља“;

2.7. Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на „Скопско Ехо“;

2.8. Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на „Лице в лице“; и

2.9. Друштво за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје, издавач на „InStore“.

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданието од 29 јануари 2021 година на „Капитал“ бр. 1091;
- изданието од 10 февруари 2021 година на „Битолски весник“ бр. 2906;
- изданието за февруари - март 2021 година на „М Магазин/Авто плус“ бр. 306;
- изданието за декември 2020 година на „Јени Балкан“ бр. 705;
- изданието за јануари-февруари-март 2021 година на „Бахче“ бр. 24;
- изданието за декември 2020/јануари 2021 година на „Добра храна“ бр. 13;
- изданијата за февруари 2021 година на „Шеќа“ бр. 118 и „InStore“ бр.83;
- изданието од 18 февруари 2021 година на „Скопско Ехо“ бр. 167; и
- изданието на „Лице в лице“ бр. 043.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 февруари 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум.“*

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај сите печатени медиуми опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***